**Внесување на преглед како итен случај**

| | |
|---|---|
| Назив на процедурата: | **Внесување на преглед како итен случај** |
| ЗУ во кои се применува: | **Секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита** |

## I. Краток опис на процедурата

Оваа процедура се применува во случај кога од некоја причина е потребно да се внесе преглед за пациент за кој нема генерирано соодветен Е-упат. Се постапува според следните чекори:

1. Од страна на лекарот или назначено лице во установата (оператор) во апликацијата Мој Термин, во менито Прием на пациенти, за тековниот ден се внесува ЕМБГ или ЕЗБО на пациентот. Со тоа пациентот се појавува во листата на пациенти за тековниот ден и може да бидат внесени податоци за преглед кај лекарот.
2. При внесувањето на податоците за извршениот преглед, лекарот задолжително избира причина заради која прегледот бил внесен како итен случај. Причините се наведени во делот **II Причини за внесување на преглед како итен случај**
3. При внесување на преглед какао итен случај во системот автоматски се генерира електронски упат кој може да биде испечатен од страна на лекарот специјалист/субспецијалист или назначено лице во установата (оператор) и да му биде даден на пациентот со цел истиот да биде соодветно заверен од страна на неговиот матичен лекар. Упатот може да биде испечатен и од страна на матичниот лекар.

## II. Причини за внесување на преглед како итен случај

Причините за внесување на преглед како итен случај може да бидат следни:

1. Итна здравствена состојба
   - Се избира во случај кога здравствената состојба на пациентот не дозволува да се изврши упатување и закажување на преглед од страна на матичен лекар.
2. Надвор од време на прием
   - Се избира во случај кога лекарот смета дека има потреба пациентот да го прегледа надвор од креираните термини за преглед.
3. Дежурство
   - Се избира во случај кога лекарот врши преглед за време на дежурство
4. Друго
   - Се избира во случај кога причината за внесување на преглед како итен случај не е една од горенаведените. Во текстуалното поле се опишува причината за внесување на прегледот.

Причината за внесување на преглед како итен случај се внесува во електронскиот систем со избор од опаѓачка листа.